Врз основа на член 39-а став 8 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за времетраење на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјаличко консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита**

Член 1

Во Правилникот за времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјаличко консултативните услуги со користење на медицинска опрема во здравствните установи во мрежата на секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 126/18), Прилогот бр. 3 и Прилогот број 4 се заменуваат со нови кои се оставен дел на овој правилник .

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на веб страницата на Министерството за здравство.

Бр. 10-5897/2
17.07.203 година
**Скопје**

**Министер,**
**Dr. Fatmir Mexhiti, с.р.**

**Прилог број 3**

**Специјалистичко консултативни прегледи во амбуланти по специјалност/суспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на терциерно ниво на здравствена заштита**

| **Специјалност/суспецијалност** | **Времетраење на смена во амбуланта во часови** | **Времетраење на преглед во минути** |
|---|---|---|
| Акушерство и гинекологија | 6 часа | 25 |
| Анестезиологија со интензивно лекување | 6 часа | 20 |
| Васкуларна хирургија | 5 часа | 30 |
| Гастроентерохепатологија | 6 часа | 25 |
| Градна хирургија | 5 часа | 25 |
| Дерматовенерологија | 6 часа | 20 |
| Детска хирургија | 5 часа | 25 |
| Дигестивна хирургија | 5 часа | 20 |
| Ендокринологија | 6 часа | 25 |
| Интерна медицина | 6 часа | 20 |
| Инфектологија | 6 часа | 20 |
| Кардиологија | 6 часа | 20 |
| Кардиохирургија | 5 часа | 25 |
| Максилофацијална хирургија | 6 часа | 25 |
| Неврологија | 6 часа | 20 |
| Невропсихијатрија | 6 часа | 20 |
| Неврохирургија | 5 часа | 20 |
| Нефрологија | 6 часа | 20 |
| Онкологија/радиотерапија и онкологија | 6 часа | 30 |
| Општа хирургија | 5 часа | 20 |
| Ортопедија | 6 часа | 20 |
| Оториноларингологија | 6 часа | 20 |
| Офталмологија | 6 часа | 20 |
| Педијатрија | 6 часа | 25 |
| Пластична и реконструктивна хирургија | 5 часа | 20 |
| Пнеумофтизиолог | 6 часа | 25 |
| Психијатрија | 6 часа | 30 |
| Пулмологија и респираторна алергологија | 6 часа | 30 |
| Ревматологија | 6 часа | 20 |
| Трауматологија | 5 часа | 25 |
| Урологија | 6 часа | 20 |
| Физикална и рехабилитациона медицина | 6 часа | 25 |
| Хематологија | 6 часа | 25 |

***Времетраење на смена на амбуланта во часови се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин )***

**Прилогот број 4**

**Специјалистичко-консултативни прегледи за пружање услуги со користење на медицинска опрема**

| Специјалност/категорија | Времетраење на смена на дијагностичка процедура во часови | Времетраење на преглед во минути |
|---|---|---|
| Бронхоскопија | 6 часа | 60 |
| Гастроскопија | 6 часа | 30 |
| Дензитометрија | 6 часа | 20 |
| Доплер | 6 часа | 25 |
| ЕЕГ | 6 часа | 30 |
| ЕМГ | 6 часа | 50 |
| ЕХО | 6 часа | 20 |
| ЕХО на дојка | 6 часа | 20 |
| Биопсија на дојка аспирациона /тенкоиглена | 6 часа | 30 |
| Биопсија на дојка -кор биопсија | 6 часа | 40 |
| Галактографија | 6 часа | 30 |
| Бележење на дојка под ЕХО | 6 часа | 30 |
| Бележење на дојка под мамографија | 6 часа | 40 |
| Ехокардиографија | 6 часа | 30 |
| Колоноскопија | 6 часа | 40 |
| Компјутерска томографија(КТ) | 6 часа | 20 |
| Коронарен стрес тест( КСТ) | 6 часа | 35 |
| Магнетна резонанца(МР) | 6 часа | 30 |
| Мамографија | 6 часа | 40 |
| Магнетна резонанца на дојка нативна серија | 6 часа | 30 |
| Магнетна резонанца на дојка серија со ИВ контраст | 6 часа | 40 |
| Томосинтеза | 6 часа | 30 |
| Стереотактична биопсија | 6 часа | 40 |
| Ректоскопија | 6 часа | 25 |
| РТГ | 6 часа | 15 |
| Спирометрија | 6 часа | 20 |
| Цистоскопија | 6 часа | 35 |
| Кабинет за дојка-преглед | 6 часа | 45 |

***Времетраењето на смена на амбуланта во часови се однесува само за прегледи за кои е дефиниран преглед во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин***